Архивски знак:__________
Рок на чување:__________год.
__________20___година
Потпис,
__________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА



Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ", број 27/15, 78/15,192/15, 27/16 и 120/16), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) Директорот на Царинската управа донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на најповолен понудувач

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-056028/16 -0013 од 16.08.2016 година, донесен по спроведена постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 19/2016, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со примена на електронска аукција, за доделување на договор за набавка на Услуга за лабараториски испитување во надворешни лабаратории, како најповолен понудувач СЕ ИЗБИРА:

- за ДЕЛ 1, ДЕЛ 2, ДЕЛ 3, ДЕЛ 4 и ДЕЛ 5 како најповолен понудувач се избира Окта Рафинерија на нафта Акционерско друштво - Скопје

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука број 05-046028/16-0005 од 15.07.2016 година за јавна набавка на Услуга за лабараториски испитување во надворешни лабаратории .

Износот на средствата од 309.477,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа на Република Македонија, на следниов начин

- средства со износ од 154.000.00 денари се обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2016 година, раздел 09003, сметка 637 и/или 631, програма 20, ставка 426,
- средства со износ од 155.477.00 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинска управа за 2017 година, раздел 09003, сметка 637 и/или 631, програма 20, ставка 426.

Набавката се спроведе со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН број 19/2016, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со примена на електронска аукција, согласно член 22 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-056028/16 -0013 од 16.08.2016 година , со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка за ДЕЛ 1, ДЕЛ 2, ДЕЛ 3, ДЕЛ 4 и ДЕЛ 5 да се избере Окта Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје со доставена понуда број 05-046028/16-0011 од 08.08.2016 година.

За сите делови зборот е извршен врз основа на евалуирање на 1 (една) прифатлива понуда.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство
Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Директор,
Наташа Радеска - Крстевска

Бр. 05-046028/16-0015
Скопје, 18-08-2016

Доставено во оригинал до:

- Председател на Комисија за јавни набавки
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Билјана Ристовска
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Џутески